# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 1**

Во Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" број 82/2008 и 13/13), во членот 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен оние писмени или усни обраќања (барање за поведување на постапка за остварување на права или правни интереси, иницијатива за вршење на инспекциски или друг вид на надзор) од чија содржина произлегува барање од подносителот за поведување на постапка која е регулирана со посебен закон."

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".